Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02") и член 39 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник Општина Виница број 8/2010"), Градоначалникот му предлага на Советот на Општина Виница да донесе:

## ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА

**За одобрување на финансиски средства за обележување на празникот на градот 13-ти јули Павловден**

Член 1

Општина Виница ќе организира активности поврзани со обележување на патрониот празник на Виница на 13.07.2022 година.
Се планира да се организираат следниве настани: Самостојна ликовна изложба на Новица Трајковски, Промоција на книга на Проф. д-р Бошко Ангеловски, настап на Баскерс фест, настап на ФА Китка, доделување на признанија и награди на најдобри ученици во општината, на истакнати пожарникари, полицајци и сл.

Член 2

За реализирање на активностите од член 1, од буџетот на општина Виница се одобруваат средства во висина од 150 000 денари.

Член 3

Оваа предлог одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

ПРЕДЛАГАЧ
градоначалник,
Миле Петков